**Почитувани ученици, родители, наставници!**

Министерството за образование и наука го донесе протоколот за работа на психолозите во основните училишта во периодот на пандемија со Ковид 19. Според протоколот основната дејност на психологот во овој период треба да биде насочена кон советување и давање на социо-емоционална и педагошко-психолошка поддршка на учениците, наставниците и родителите.

**Работа со ученици:**
Психологот остварува индивидуални средби со учениците со физичко присуство или online, согласно потребите на учениците и со почитување на протоколите за безбедност, а во соработка со родителот/старателот и тоа:
-по барање на самото дете;
-по барање на родител/старател;
-по барање на наставник;
-по барање на надлежни институции (полиција, социјална служба).

**Работа со родители:**
Психологот воспоставува контакт со родител/старател на ученикот заради водење на консултативен разговор. По договор со родителот, средбите можат да се одвиваат со физичко присуство или преку телефон.

Психологот може да спроведе анкета со родители/старатели со цел утврдување на потребите на родителите за зачувување на менталното задравје на нивните деца.

Давање поддршка на родителите за нивното ментално здравје.

Термини за консултација: вторник и четврток од 9 - 12 часот

**Работа со наставници:**
Психологот остварува континуирана и непречена комуникација со сите наставници со цел размена/споделување на искуства (позитивни и негативни) од работата во тековниот период.

Видот и формите на комуникација на психологот со наставниците ќе зависат од потребите на наставниците, но и/или по предлог на психологот, директорот или одделенскиот раководител.

Вера Димовска
Психолог/гешталт терапевт
Mail адреса: vera.karposh@gmail.com
Телефон: 071 87 12 13